20.12.2016г.

**О Д Л У К А**

**На Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ) по жалбата на Мила Царовска за прилогот со наслов "Висок функционер на СДСМ направи сообраќајна несреќа, партиски активисти и полицијата попречуваа и малтретираа снимател на ТВ Сител", објавен на 12.11.2016 година, во вестите на телевизија Сител и на Интернет порталот на телевизијата (www.sitel.com.mk)**

**Ж А Л Б А Т А   Е   О С Н О В А Н А**

Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 1, 8 и 13.

Член 1.

*"Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно."*

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595

Член 8.

*"Начинот на информирање во случаи на несреќи, елементарни непогоди, војни, семејни трагедии, болести, судски постапки мора да биде ослободен од сензационализам. Во судските постапки треба да се почитува принципот на пресумпција на невиност, да се известува за сите инволвирани страни во спорот и да не се сугерира пресуда."*

Член 13.

*"Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот."*

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на ден 14.11.2016 година, Мила Царовска, поднесе жалба за прилогот со наслов "Висок функционер на СДСМ направи сообраќајна несреќа, партиски активисти и полицијата попречуваа и малтретираа снимател на ТВ Сител", објавен на 12.11.2016 година, во вестите на телевизија Сител и на Интернет порталот на телевизијата (www.sitel.com.mk).

Во жалбата се наведува дека во прилогот известувањето е неточно и нефер, информирањето е пристрасно, не е застапена втората страна, се нарушува приватноста и има елементи на навреда и клевета.

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со член 12 од Деловникот на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со телевизија Сител и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите од жалбата. Главниот и одговорен уредник на телевизија Сител, Драган Павловиќ – Латас одговори на следниов начин: „Поздравете ја Мила Царовска од мене".

Комисијата за жалби најде дека жалбата во однос на текстот е ОСНОВАНА.

***

При своето одлучување Комисијата го зеде предвид и :

**Член III од Декларацијата за слободата на политичка дебата во медиумите (Усвоена од Комитетот на министри на 12 февруари 2004, на 872-от состанок на претставниците на министрите) во кој се вели:**

**Политичките личности одлучиле да апелираат на довербата на јавноста и прифатиле да бидат предмет на јавна политичка дебата, а со тоа и предмет на надзор на јавноста и на потенцијално силна јавна критика по пат на медиумите во поглед на начинот на кој ги извршувале или ги извршуваат своите функции.**

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595

***

На седницата на 29.11.2016 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот и направи увид во наведениот текст и видео.

Констатираше дека медиумот имал легитимна цел да информира за настанот - сообраќајка на политичка личност.

Комисијата констатираше дека, иако станува збор за немило случување, медиумот му дава сензационалистички призвук на настанот во политичка конотација, без притоа да ги утврди околностите, со кои можел да се запознае доколку ја контактирал втората страна, односно Мила Царовска, доколку побарал официјален став од партијата СДСМ или, пак, од надлежниот државен орган, во овој случај МВР. Понатаму, во овој медиумски производ не се прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот.

Членовите на Комисијата најдоа дека од видео - материјалот јасно се гледа дека новинарот е попречен во извршувањето на својата работа од други лица.
Комисијата смета дека ТВ Сител, освен јавно повикување до Спасовски, како министер, можеле и требало да упатат прашање и во врска со попречувањето на новинарската екипа од полицаец во униформа, и тоа официјално до Министерството за внатрешни работи, за да не се повторуваат ваквите случувања.

Комисијата за жалби истакнува дека НОВИНАРИТЕ НЕ ТРЕБА ДА СЕ ПОПРЕЧУВААТ ВО ВРШЕЊЕТО НА СВОЈАТА РАБОТА ИЛИ ДА ТРПАТ ЗАКАНИ ОД КОГО БИЛО.

***

Комисијата за жалби најде дека во спорниот прилог со наслов "Висок функционер на СДСМ направи сообраќајна несреќа, партиски активисти и полицијата попречуваа и малтретираа снимател на ТВ Сител", објавен на 12.11.2016 година, во вестите на телевизија Сител и на Интернет порталот на

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595

телевизијата, делумно е прекршен член 1 од Кодексот на новинарите на Македонија, според кој новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно.

Комисијата констатира дека е прекршен член 8, според кој начинот на информирање во случаи на несреќи, елементарни непогоди, војни, семејни трагедии, болести, судски постапки мора да биде ослободен од сензационализам.

Комисијата заклучи дека е прекршен член 13, според кој новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот.

Во согласност со наведеното Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата за жалби учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Филип Ѓурчиновски, Теофил Блажевски, Беким Ајдини, Сефер Тахири, Гоце Герасимовски и Мери Јордановска.

**Се обврзуваат телевизија Сител и Интернет порталот на телевизијата (www.sitel.com.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објават одлуката на Комисијата за жалби.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595